**20222583814**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 60 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 99/22 и 236/22), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ НА РОДИТЕЛ КОЈ ИМА ДЕТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВА ПРАВО

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на парична помош на родител кој има дете со попреченост, образецот на барањето и потребната документација за остварување на ова право („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 109/19), во член 4 став 1 во точката 7 зборовите „62 години" се заменуваат со зборовите „60 години", а зборовите „64 години" се заменуваат со зборовите „62 години".

Член 2

Прилогот бр. 1 се заменува со нов Прилог бр.1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 10-8135/1
28 ноември 2022 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.

Прилог бр.1

Барање за остварување на право на траен надоместок на родител

1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО

| Име | | Презиме | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Улица и број | | Населено место | Општина |
| | | | |
| Број на лична карта | Издадена од | Датум на издавање | Важност до |
| | | | |

1.1 ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ (само доколку се разликува од податоците во личната карта)

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

2. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО

1. важечка лична карта на граѓанинот на Република Северна Македонија, лична карта за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита, која се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството;

2. извод од матична книга на родените за родителот;

3. извод од матична книга на родените за детето;

4. извод од матична книга на венчаните;

5. потврда од надлежен суд дека на родителот не му е одземено родителското право над детето;

6. потврда од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија дека родителот, по наполнување на 60 години на живот за жена односно 62 години на живот за маж, не користи пензија и

7.наод,оцена и мислење на стручен орган за видот и степенот на попреченост (решение од надлежен центар за социјална работа за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој)

Датум и место на поднесување на барањето ------------------------------------------

Потпис на подносителот ---------------------------------------------

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ------------------------------